# ПРЕДАВАЊА

## НА 50. МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

**(Охрид, 17.6- 2.7. 2017 година)**

Скопје,2018

**проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски**

## ОХРИД – ДУХОВНО СВЕТИЛИШТЕ

Познатиот наш преродбеник од 19 век, Константин Миладинов, од далечната Русија ја опева својата носталгија по домот и убавините на Охрид и Струга. Тоа се зборови кои извираат од најдлабоките дамари на душата на писателот, а не можат, а да не допрат до секој дел од срцето на читателот:

*Орелски крилја как да си метнех,*
*И внаши ст'рни да си прелетнех!*
...
*На наши места ја да си идам,*
*да видам Охрид, Струга да видам.*
...
*Поле погледнеш или планина,*
*сегде Божева је хубавина.*

Секако дека Охрид изобилува со голема природна убавина. Од друга страна, во градот се сочувани многу култури коишто сведочат за неговата вековна историска традиција, почнувајќи од антиката, ранохристијанскиот период, средновековните цркви, преродбенската култура, па сè до денес. Неслучајно тоа е град на УНЕСКО, град на бројни и неповторливи сакрални споменици, цркви и манастири, па честопати се нарекува дури и „словенски Ерусалим". Без нив несомнено Охрид би бил сосема друг град, поинаков и непрепознатлив. Сепак, се поставува прашањето: дали изборот токму Охрид да прерасне во црковен центар и духовно светилиште се должи на духовниот мир и неговата посебна природна положба крај езерскиот брег или, пак, градот го добива својот вистински идентитет дури откако ќе ја осознае својата духовна содржина преку бројните исклучителни црковни градби и богатиот црковен живот низ историјата? Очигледна е присутноста на природната диспозиција на местото. Дури и старото име на градот – Лихнидос на грчки значи „светилник", со што го подготвува раѓањето на Охрид како христијански светилник.

Познато е дека христијанството е присутно на овие простори уште од првите векови. Меѓу првите проповедници се спомнува свети Еразмо, голем аскет и проповедник, кој покрстил мноштво народ, а

неговиот лик во Охрид силно се почитува сè до денес. За него се вели дека бил родум од Антиохија, а живеел во времето на царевите Диоклецијан и Максимијан. После подвижничкиот живот на Ливанската Гора, веќе како архиереј тргнал да го проповеда Евангелието и така пристигнал во Охрид. Според запишаните сведоштва, свети Еразмо го воскреснал синот на некој човек по име Анастас и потоа го крстил, заедно со многу други луѓе. Во таа прилика ги разорил идолските жртвеници во Охрид, за коешто бил обвинет кај царот Максимијан, кој во тоа време престојувал во Илирија. Царот го извел Еразмо пред бакарната статуа на Зевс и му наредил да се поклони и да принесе жртва на идолот. Но, се вели дека по молитвите на светителот, од статуата излегол страшен змеј и го исплашил сиот народ, а потоа со силата и благодатта на светителот змејот пцовисал. Тогаш свети Еразмо покрстил дваесет илјади души. Огорчен царот наредил да ги убијат сите овие дваесет илјади христијани, а Еразмо го ставил на тешки маки, па потоа го фрлил во затвор. Но, му се јавил ангел Божји и го извел Еразмо од затворот, по што тој заминал за Кампанија, Италија, каде повторно го проповедал Евангелието на народот. Потоа се вратил во градот Хермелија, каде што се повлекол во една пештера, во која се подвизувал до крајот на животот во 303 година. Пештерата со црквичката на „Свети Еразмо“ и денес стои недалеку од Охрид[34].

Нов духовен препород доживува ова подрачје со просветителската дејност на светите Климент и Наум Охридски, кои овде ја продолжуваат својата активност после нивното учество во мисијата на светите Кирил и Методиј. Преку нив, впрочем, се раѓа вистинскиот плод и на нивните учители, бидејќи нивната мисија и не ги постигнала посакуваните резултати. Така свети Климент и Наум се појавуваат како единствени автентични продолжувачи на рамноапостолното дело, кои за центар на своето дејствување го избираат токму регионот околу Охридското езеро, а нивните манастири и до денес опстојуваат како силни духовни центри.

Реконструкцијата на животниот пат на светите Климент и Наум Охридски се врши, главно, врз основа на двете Климентови житија: Пространото житие од охридскиот архиепископ Теофилакт и Краткото житие напишано од охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан, како и житијата на свети Наум Охридски пишувани од

---

[34] Епископ Николај, *Охридски пролог. Житија, размислувања и беседи, I*, Охрид 2001, 469-470.

некој Климентов и Наумов ученик непосредно по нивното упокојување.

Во овие сведоштва отсуствуваат белешки за раѓањето и потеклото на свети Климент, но врз основа на податокот за упокојувањето на 27 јули 916 година и описот од Пространото житие, во кое светителот се опишува „подгрбен од старост и истоштен од работа", се претпоставува дека доживеал длабока старост, што значи дека би бил роден 30-те или 40-те години од 9 век. Непознато е и местото на Климентовото раѓање, а претпоставките се движат од Моравија, преку словенското кнежество со кое претходно управувал свети Методиј, па сè до Кутмичевица и Охрид. Последново се поткрепува врз основа на гледиштето, според коешто свети Климент се враќа од Моравија во Кутмичевица, затоа што оттаму и потекнува[35]. За свети Наум, пак, врз основа на податоците од житијата, се знае дека имал благородни родители и дека израснал во Мизија, како и тоа дека бил на слична возраст со свети Климент. И тој од својата младост „се присоединил кон рамноапостолите Константин Философ и брат му Методиј“ и ги придружувал „дури до стариот Рим“. Во секој случај, се чини дека и обајцата потекнуваат од овие краишта, од средината на македонските Словени. Тоа го поткрепува „Пофалното слово на свети Кирил“, напишано од свети Климент, кој Словените таму ги нарекува „мој народ“, а свети Кирил – „учител на нашиот народ“.[36]

Свети Климент и свети Наум биле соработници и соучесници во мисијата на светите Кирил и Методиј во Моравија уште од самиот почеток, но по нивната смрт тие се подложени на најразновидни страдања и прогони од латинското свештенство, па по нивното протерување оттаму стигнале во Преслав, тогашна Бугарија. Според сведоштвото од Пространото житие, во 886 година свети Климент бил испратен во областа Кутмичевица, која се наоѓала во југозападна Македонија, а ги опфаќала пределите околу Преспанското и Охридското езеро, чии главни градови биле Охрид и Девол. Неговата главна задача била да го продолжи делото на неговите учители преку продлабочување и унапредување на словенската просвета, примената на словенската богослужба и создавање на словенски свештенички кадар. Познато е дека свети Климент ја основа Охридската книжевна

---

[35] Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, Скопје 2016, 45.

[36] Доне Илиевски, *Македонското православно свештенство во борба за национална и црковна слобода*, Скопје 1987, 16-18.

школа низ која минале 3.500 ученици. Подоцна, во 893 година тој бил назначен за прв словенски епископ на тие простори, како надлежен архиереј на Дремвицко-величката епархија. Според некои претпоставки, оваа епархија се наоѓала во струмичко-брегланичкиот регион, но многу поверојатна е тезата дека диецезата се наоѓала југозападно од Преспа и јужно од Охрид. Поради големиот авторитет, некои свети Климента го именуваат и со „архиепископ", но јасно е дека таа титула му е припишана дури по неговата смрт, кога веќе постоела Охридската архиепископија.[37]

Светите Климент и Наум неуморно и поучувале и пишувале, па од нив се запазени и повеќе текстови, врз кои се уште се вршат бројни истражувања. Врз таквата дејност се развива подоцна и препишувачка школа, каде биле умножувани црковните и богослужбените текстови на словенски јазик, па веројатно дека во Охрид настанува и првата библиотека кај јужните Словени[38].

Периодот непосредно после свети Климент (+916) и свети Наум (+910) е прилично нерасветлен. Охридската книжевна школа ја продолжила својата дејност раководена од нивните ученици, но поголемиот дел од нив остануваат анонимни. Не е познато и кој епископ го наследил свети Климент во неговата епархија, но се знае дека локалното свештенство ревносно го продолжило неговото дело, а манастирите основани од овие охридски светители станале центри на црковната писменост и книжевност.

Врз основа на овие кириловометодиеви ученици е поставен и темелот на
Охридската архиепископија – вистински духовен центар, а подоцна и замена за неостварената државност по Самоиловото царство. Нејзината дејност започнува некаде по 976-та година и контиунирано опстојува до 1767 година, кога е аболирана од отоманската власт.[39] Архиепископијата, меѓу другото, ќе претставува и вистинска црковна сила помеѓу византискиот Исток и латинскиот Запад, со истакнати архипастири кои го издигнале нејзиното достоинство во светски рамки. Токму од тие причини, во продолжение ќе бидат претставени

[37] Јован Белчовски, *Автокефалноста на Македонската православна црква*, Скопје 1990, 12-13.

[38] Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 48.

[39] Јован Белчовски, *Автокефалноста на Македонската православна црква*, Скопје 1990, 78-79.

неколку најзначајни претставници на тронот на Охридската архиепископија. Во тек на осумте века од нејзиното постоење сменети се голем број на поглавари, некои знајни, а некои и незнајни.

Првиот поглавар на Охридската архиепископија, Герман I Гаврил, имал голема почит од страна на царот Самоил. Познато е дека на почетокот седиштето на црквата се наоѓало на островот Ахил во Преспанското езеро, а подоцна е префрлено во Охрид. Герман Гаврил е канонизиран за светител, а неговиот спомен се чествува на 12 мај.

Прв поглавар на Орхидската архиепископија по падот на Самоиловото царство е Јован Дебарски (1018-1037), човек од словенско потекло, силен духовен пастир со голема грижа за своето паство. Забележан е во споменот на црквата како монах и подвижник и е вброен меѓу најдостојните охридски архиепископи, со забележливи добродетелни и умствени квалитети, кој посебно се грижел за одржување на народниот карактер на Архиепископијата. Се занимавал и со книжевност, но, за жал, не е запазено ниту едно негово дело. Пред изборот за архиереј бил игумен на дебарскиот манастир „Света Богородица, а подоцна е и ктитор на манастирот Свети Јован Бигорски. Тој е впрочем, и прв охридски ерарх со титула „архиепископ“.[40]

По Јован Дебарски следи Лав (Леон) I (1037-1056), еден од најзначајните архипастири на Охридската архиепископија. Тој бил исклучителна личност, кој на охридскиот трон доаѓа од должноста хартофилакс на Константинополската патријаршија. Единствениот автентичен извор за него е содржан во белешката на епископот Михаил Деволски за настаните од 1037 година во текстот на „Историскиот синопсис“ на Јован Скилица, византиски хроничар од крајот на 11 век[41]. Најверојатно Лав бил поставен за архиепископ од тогашниот император Михаил IV, со кого потекнувале од исто место, што можеби делумно влијаело врз изборот на наследник на

---

[40] Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 92-99.

[41] „А откако Јован, бугарскиот архиепископ, се упокои, царот произведе друг, кој беше од Пафлагонија, кој се издвојуваше со својата служба во великата црква, служејќи многу години како хартофилакс. Но, од љубов кон тихувањето и во целосно сознание за недобро раководење на црковните работи, тој се откажа од центарот на метежот и, не сакајќи да влијае врз патријархот, самоволно се повлече во тихование. Тој се викаше Лав и се беше стекнал со секакво образование, и световно, и духовно. Како примат на Бугарија остави зад себе многу спомени за неговата добродетел“. John Skylitzes, *A Synopsis of Byzantine History, 811–1057*, Cambridge 2010, 377.

охридскиот трон по смртта на архиепископот Јован. Но, познато е дека Лав имал одлично образование, коешто не може да биде негирано, како и неговите способности за време на неговата долгогодишна дејност во Цариградската патријаршија.[42]

Живеејќи во еден исклучителен временски период, можно е Лав да има директно влијание врз настаните кои ја насочуваат понатамошната историја на христијанството во светот. За време на исклучително затегнатите односи меѓу Рим и Цариград, мошне веројатно е дека Лав се спротивставувал на обидите за возобновување на врските со Рим. Причините за влошувањето на односите меѓу двата христијански центри на почетокот од XI век остануваат нејасни, но забележани се обидите за нормализирање на меѓусебните релации. Цариградскиот патријарх Евстатиј во 1024 година испратил делегација во Рим, со компромисен предлог – римскиот епископ да го задржи првенството, но Цариградската патријаршија да биде признаена како вселенска на територијата на нејзината јурисдикција. Врз основа на внатрешните притисоци, папата Јован XIX бил спречен да се согласи со предлогот, но истовремено имало силна спротивставеност кон ваквата компромисна иницијатива и од страна на охридскиот архиепископ Лав.[43]

Според сведоштвото на Никита Комнин, против латините никој не пишувал поревносно и посмело од Лав Охридски[44] и веројатно тоа почнало со првото писмо на Лав до епископот Јован Траниски во Апулија, насловено „За бесквасниците и саботите", со цел да ги заштити христијаните во Јужна Италија од латинските литургиски традиции. Се смета дека ова послание има официјален карактер, коешто се гледа од фактот дека се работи за вид на окружно послание „до сите епископи на Франките и монасите и народите и до

---

[42] Сп. Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 99.

[43] Во однос на учеството на архиепископот охридски Лав во меѓуцрковните препирки треба да се има предвид и тогашната состојба на Охридска архиепископија. Имено, диецезата во тоа време се протегала главно на западните и централните предели на Балканскиот полуостров, во древната црковна епархија на Илирија, која е одземена од диецезата на Рим од страна на императорот Лав III Исавријанец (717-741). По паѓањето на Самоиловото царство овие области се вратени под директна управа на Византиската империја, а претстојателите на Охридската архиепископија направиле големи напори за да ја потврдат законитоста на нивната катедра.

[44] Migne, t. 120, col. 834.

самиот многупочитуван папа“[45].На латинските обредни различности Лав гледа како на догматски пречки. Своето внимание го посветува на четири латински посебности: 1) извршување на евхаристијата со бесквасен леб, 2) пост во сабота, 3) јадење на удавено, и 4) непеење на „алилуја“ за време на великиот пост, но најмногу се задржува на првата точка.[46] Писмото било предадено на кардиналот Хумберт, а потоа папата одговорил со долго послание од 41 поглавје, адресирано до цариградскиот патријарх Михаил Керуларий и охридскиот архиепископ Лав[47]. Според Снегаров, посланието го вознемирило византискиот император Константин Мономах, кој се подготвувал за политичко обединување со латините, упатувајќи молба до папата да испрати легати во Цариград за повторно воспоставување на мирот меѓу двете цркви. Откако пристигнал во Цариград, кардиналот Хумбер го напишал полемичниот спис “Dialogus”, каде во форма на разговор, точка по точка одговара на обвиненијата на Лав Охридски. Од тој момент, па натаму, се вели дека охридскиот архиепископ и цариградскиот патријарх Михаил Керуларий со заеднички сили ја воделе борбата против папата и до самиот крај останале неразделни. Во тоа време Лав пишува уште две многу остри писма, кои уште повеќе ја засилиле борбата, кога на 16 јули 1054 година во цариградската црква Света Софија била произнесена анатемата против Михаил Керуларий и Лав Охридски, а неколку дена подоцна, на 20 јули, цариградскиот патријарх ги одлачил папските легати и на тој начин настанала конечната поделба меѓу Источната и Западната Црква.[48]

Архиепископот Лав веројатно ја покренал оваа иницијатива според упатствата на патријархот, но се поставува прашањето: зошто тој самиот не директно не се обратил до папата? Некои сметаат дека тоа се должи на недостиготот од црковно образование кај Керуларий, имајќи предвид дека тој бил државен службеник пред да биде протеран поради покренување на заговор против императорот

[45] Migne, t. 120 col. 836.

[46] Според мислењето на Лав Охридски, евхаристијата била востановена од Христа на квасен леб, бидејќи само таквиот леб Христос можел да го нарече Свое тело на Тајната вечера, имајќи предвид дека во Христовиот говор е употребен зборот ἄρτος, којшто означува леб подготвен со квас (Migne, t. 120, col. 837.).

[47] Види Михаил Павлович Чельцовъ, *Церковь Королевства Сербского со времени приобретения ею автокефальности (1879-1896 )*, СПб 1899, 58.

[48] Иван Снѣгаровъ, *История на Охридската Архиепископия, Том 1. От основаването ѝ до завладяването на Балканския полуостров от турците*, София, 1924; II София, 1995, 261.

Михаил IV, а по карактер бил арогантен, без дипломатски способности, крут и типичен бирократ. За време на прогонството тој се замонашува, а подоцна доаѓа и на патријаршискиот престол во 1043 година. Но, исто така, јасно е дека не е неопходно списот или посланието на еден патријарх да биде лично од него подготвено. Други сметаат дека патријархот да не би сакал да се смета за одговорен за евентуалниот неуспех на обидот за зближување помеѓу императорот и папата.

Освен значајната црковна улога во тие одлучувачки времиња кои ја насочиле понатамошната историја на христијанството, архиепископот Лав е значаен и поради неговиот посебен придонес во црковното градителство, градејќи еден од клучните споменици на византиската уметност. Имено, непосредно по неговото доаѓање во Охрид во 1037 година, Лав ја организирал изградбата на новиот соборен храм „Света Софија“, посветен на Премудроста Божја, со цел на Охридската црква да и даде достоинство како на Цариградската.[49] На ѕидовите од овој велелепен храм се насликани не само почитуваните источни отци на Црквата, како и словенските просветители Кирил и Клиемнт, туку и шестмина римски папи: Климент I (88 - 99), Силвестер I (314 - 335), Инокентиј I (401-417), Лав I Велики (440 - 461), Вигилиј (537 -555) и Григориј I Велики Двоеслав (590-604). Ваквата иконографска програма може да се разбере како силно сведоштво дека охридскиот архиепископ имал соодветно познавање на историската врска на земјите од неговата јурисдикција со Римската црква.[50] Од друга страна, пак, активното вклучување на Лав во борбата на Константинопол против латинските заблуди ја изразува неговата желба да направи категорична разлика помеѓу литургиските пракси на папството од една страна и старите црковни традиции од друга страна. Особено е впечатлива евхаристиската сцена во апсидата на Света Софија, на која Христос, опкружен од апостолите и ангелите, го благословува квасниот леб.[51]

---

[49] Иван Снѣгаровъ, *Историја на Охридската Архиепископия, Том 1.* 197-198.

[50] Види Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 109.

[51] „Денес не е можно да се студира византиска уметност ако не се посети Македонија… Гледајќи ги фреските во Света Софија во Охрид, особено се забележува начинот на кој непознатите уметници ги постигнувале ликовните решенија во композициите. Потполно е неоправдано да се зборува за постоење на чиста византиска школа“ (Дејвид Талбот Рајс, британски византолог).

Еден од најзначајните охридски архиепископи е и Теофилакт (1091-?), исклучителен интелектуалец, теолог и писател. Родум од Еврип, ѓакон на Цариградската црква, се школувал во Атина и Цариград и бил вброен меѓу најобразованите личности од тоа време. Не може да се определи точно неговото стапувањето на престол: некои претпоставуваат дека станува збор за 1091,[52] но секако тоа се случило по 1084 година[53]. По природа бил меланхоличен, а раководењето на Охридската црква не го примил со посебна радост[54]. Запазените писмени сведоштва говорат дека на почетокот чувствувал голема одбојност кон локалното паство, силно тагувајќи за византискиот живот, за елинските поети и философи[55]. Веројатно тоа е затоа што тој бил повеќе кабинетски човек, отколку мисионер, иако се работи за исклучително доблесен архиепископ. Сепак, не останал да живее во Охрид до крајот на животот, а како главен проблем се смета непријателствувањето со охриѓаните, кои не можеле да се навикнат на неговото владичко однесување.

---

[52] Види Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 101.

[53] Според Голубински, Теофилакт бил избран за охридски архиепископ не порано од 1084-1085 година, ако се има предвид податокот дека Теофилакт бил назначен за учител на Константин Дук (син на императорот Михаил Парапинат), кога тој бил на возраст од 8-9 годишна возраст, а тој бил роден во 1074 година.

[54] Види Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, 98-99.

[55] Теофилакт во своите писма пишува „Се наоѓам во ропство не при некоја богата царица, чиста, прекрасна и златна Афродита, туку при нечисти варвари, од кои се шири мирисот на овчи кожи ...“ Далеку од неговата духовна култура, тој се чувствува како во пеколот: „Уште не стапнав во Охрид, јас несреќниот, веќе почнав да тагувам по Вашиот град. Тука уште оддалеку ме нападна некаква смртна тага, каква вее само од адските бездни. Кај Епмедокле победата произведува глави без трупови; овдешното, пак, безначалие – десетици илјади над десетици илјади глави без трупови. Зашто, кој охриѓанец не е труп без глава, кој не знае да го почитува ниту Бога, ниту човекот? Со такви чудовиште јас сум осуден да соживеам. И што е најстрашно од сето тоа, што не постои никава надеж со никакви сили тоа да се подобри и да се прикачат главите врз тие шии...“ (Иван Снѣгаровъ, *Историја на Охридската Архиепископија, Том 1*, 201). Во Охрид Теофилакт не видел ништо убаво. За него тој бил калиште, нејзините жители – жаби, а самиот тој – орел, птица на Зевс, падната несреќно во тој каллив свет. Во писмото до синот на домесникот Григориј тој вели: „Зошто ме фрли во таа далечина, каде има завист и злоба и други пороци, каде красноречивоста се мрази повеќе од благопријатниот звук на бумбарите. А јас треба да сум благодарен за тоа што ме поставиле да живеам меѓу тие варвари...“ (203).

Од друга страна, пак, потребно е да се истакне дека ниту еден од охридските архиепископи не пројавил таква литературна дејност како Теофилакт. Од него се запазени толкувањата на целиот Нов завет (освен Откровението)[56] и на некои старозаветни книги, две житија (на Петнаесетте тивериополски маченици и на свети Климент Охридски), служба на свети Климент Охридски, поука за својот воспитаник, престолонаследникот Константин Дук, слова, панегирик на Алексеј Комнен, книга за латинските различности и цел зборник писма испратени до значајни лица во граѓанско-воената и црковната ерархија на Византија.[57] При пишувањето на толкувањата, кои се читливи и јасни и без повторувања, Теофилакт ги користел омилиите на свети Јован Златоуст, а на многу дури и буквално го повторува.

Во врска со латинските и догматските обредни разлики има релативно толерантен пристап. Се вели дека императорот Алексеј I Комнен најнапред бил приврзаник на строгата антилатинска позиција, па дури и им забранил на латините во империјата да ја извршуваат евхаристијата користејќи бесквасен леб. Како одговор на тоа, папата Урбан II во 1089 година испратил свои легати, а царот предложува во Цариград да биде свикан собор, на којшто би се разгледувале спорните прашања, а меѓу другото и употребата на бесквасниот леб. Пристапник на умерената позиција од страната на Константинопол бил Теофилакт, близок на раководните византиски политички и црковни сфери. Својот став го изразува во вид на послание до неименувано духовно лице[58], но очигледно е дека писмото е напишано за целиот цариградски клир. Уште на самиот почеток Теофилакт најавува дека според неговото мислење во Латинската црква нема толку различитости за да биде неизбежна црковната поделба (Migne, t. 126, col. 224) и ја отфрла нетрпеливоста на источните богослови од тоа време: "И ние мислиме дека ќе не сметаат за први мудреци во божествените работи, ако повеќе души запишеме за еретици и дека само тогаш ќе докажеме, дека ние имаме очи, кога јасната светлина ја претставуваме за црна темница" (Migne,

[56] Станува збор за мошне ценети егзегетски списи. Во еден запис на ракопис од 17 век се вели дека во 1346 година српската царица Елена, жена на Душан, од светогорските монаси порачала да се преведе на „сопствен јазик... евангелието запишано од блажениот Теофилакт Охридски..." ( Л. Стојановић, Стари српски записи III, Београд 1905, 40, № 4939).

[57] Иван Снѣгаровъ, *История на Охридската Архиепископия, Том 1*, 268.

[58] Според Димитриј Хоматијан се работи за ѓаконот Николај, кој подоцна станува малешевски епископ (Pitra VII, col. 626).

t. 126, col. 224)[59]. Теофилакт препорачува толерантност на цариградскиот клир кон латините, но, сепак, не може да им го прости единствено воведувањето на Филиокве во Символот на верата, што го смета за голема заблуда и противречност во догмата за Света Троица. Но, дури и тука е снисходителен и се повикува на лексичката скромност на латинскиот јазик, сметајќи дека веројатно е во ред да се употребува правилно објаснето во црковните слова и беседи, но не и во Символот на верата, кој е израз на едномислието и еднодушноста на Црквата (Migne, t. 126, col. 229).

Во следниот период меѓу охридските архиепископи посебно се издвојува Димитриј Хоматијан (1216-1235), кој на тронот доаѓа како хартофилакс. За архиепископ е поставен за време на епирскиот деспот Теодор Комнен, а хиротонијата ја примил од епископите на Охридскиот синод, веројатно по заземањето на Охрид од страна на деспот Теодор (1216 или 1217)[60]. Тој бил не само велик охридски светител, но и најпознатиот православен ерарх од неговото време. Тој се одликувал со ученост, благост, говорништво, расудителност и добродетелен живот, полн со љубов кон ближните и почит кон непријателите.

Димитриј Хоматијан е познат канонист. Максим Грк го нарекува петти толкувач по Валсамон, Зонара, Матеј Властар и Арменопул[61]. Повеќето од неговите запазени литературни трудови се писма, адресирани до високи личности или акти по разни судски и црковно-административни дела[62]. Врз основа на забележаното, може

---

[59] Со скриена иронија тој ги набројува сите обвиненија против латините, па вели дека нивните обичаи се без значење и дека значат колку ноктите или косата за телото (Иван Снѣгаровъ, *Историја на Охридската Архиепископија, Том 1*, 272-273).

[60] Од писмата во кои Хоматијан се јавува како архиепископ, само две се датирани: од 1220 година - писмото до српскиот архиепископ Сава и 1223 година - актот за ракополагањето на сервискиот епископ.

[61] Г.А. Розенкампфъ, Обозрѣніе кормчей книги, 1839 , 64-65. Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 148.

[62] Од Хоматијан се запазени 152 судски решенија на Охридскиот синод за време на неговото претседавање, од кои може да се забележи дека тој бил одличен правник кој одлично го познавал не само црковното, но и световното византиско право. Тоа веројатно се јавува и како последица на фактот што во подоцнежна Византија границите меѓу световната и црковната јурисдикција сè повеќе исчезнувале, па архиепископот морал да го познава и световното право, односно брачното, семејното, наследното и многу прашања од приватното и кривичното право. Сп. Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 148.

да се заклучи дека тој бил одличен познавач на византиското црковно, но и граѓанско право. Тие трудови би можеле да бидат поделени на пет категории: 1) канонско-правни (за брачни, наследствени и имотни прашања), 2) догматски, 3) литургиски, 4) дисциплинарни, 5) полемични и 6) хагиографско - поетски.

Во основата на канонско-правниот мироглед на Хоматијан лежи цезаропапистичката идеја. Според него, царот стои над законите и канонитe, кога дејствува во полза на Црквата и општото добро[63] и нему му принадлежи божанска чест. Доколку, пак, наместо на заедничкото добро служи на сопствената страст, тогаш тој беззаконствува. И најголемата грижа за доброто на Црквата му припаѓа на царот, па затоа Хоматијан ја поставува царската дури и над духовната власт[64]. Тој смета дека царот ги има сите архиерејски права, освен правото да свештенодејствува! Според Снегаров, цезарепапизмот на Хоматиајн произлегувал од неговиот силен стремеж да го објасни правото на Охридската архиепископија врз основа на Јутинијановите новели.[65]

Во однос на латинските разлики, и Хоматијан се држел прилично помирувачки кон Западната црква. Според него, без догмата за Филиокве, мали се разликите со православните. Тој дури и не смета дека е престап, ако православно духовно или мирско лице изврши молитва во латински храм или ги почитува западните светители, или, пак, кога православен архиереј посети латински храм, а во православниот раздаде анафора на латините кои присуствувале на литургијата. Впрочем, за Хоматијан тоа е средство за приврзување на латините кон источните обичаи и догми (Pitra VII, col. 727-728).[66]

Култот на Хоматијан кон свети Климент е изразен во едно кратко житие и три канони[67]. Со житието авторот имал за цел да

---

[63] Затоа Хоматијан го оправдува Теодор Дук во случајот со убивањето на разбојникот Петрил со семејството.

[64] Според Хоматијан, разместувањето на епископите од една на друга епархија не се раководи ниту според канонитe, ниту по црковното предание, а само царската заповед има сила да ги измени тој ред во Црквата.

[65] И. Снѣгаровъ, *История на Охридската Архиепископия, Том 1*, 275.

[66] Хоматијан не се согласувал со антиохискиот патријарх Валсамон, кој не им дозволувал на латинските заробеници да се причестуваат од православни свештеници. И. Снѣгаровъ, *История на Охридската Архиепископия, Том 1*, 276.

[67] Искоренувањето на незнабожечките остатоци и еретичките заблуди од страна на свети Климент го сочинуваат главниот дел во првите два канона. Во третиот канон, пак, поетот е вдахновен од чудотворната сила на светителот. Во секој стих од канонитe се чувствува почитта на архиепископот кон свети Климента,

истакне неколку главни црти кај охридскиот светител, и тоа: а) црковно-литературната дејност на свети Климент во Охрид и Главеница, б) изнаоѓањето на нова појасна словенска азбука, и в) крштевањето на кнез Борис од страна на свети Климент. Можно е тој да е автор и на грчкото житие на свети Наум, кое претставува украсен извадок од пространото житие на свети Климент.

Од голема важност во редот на охридските архиепископи е и св. Константин Кавасила (1250-1261)[68], кој пред доаѓањето на охридскиот трон бил прво струмички епископ, а потоа и драчки митрополит. Познат е по тоа што, макар и притискан, уценуван и затворан, вршел големи усилби да го подигне угледот на својата црква во православната христијанска екумена, живеејќи во времиња на постојани војни и борби за превласт помеѓу христијанските владетели на распарчената Источна империја. За жал, историските прилики придонеле до нас да стигнат мал број податоци за животот и делото на овој значаен охридски архипастир. Свети Константин се родил во градот Драч во областа Илирик. Потекнува од благородничкиот ромејски род Кавасила, од кого произлегле истакнати личности, кои одиграле значајна улога во тогашната империја, како на политички така и на црковен план. Меѓу нив се среќаваат воени управници, аристократи и научници, епископи, монаси и црковни писатели.[69] По Константин, од семејството Кавасила ќе произлезат и други истакнати црковни личности, како што се архиепископот Солунски Нил Кавасила и неговиот внук свети Никола Кавасила Хамаетос.

Свети Константин се здобил со квалитетно образование од световните и црковните области. Околу 1220 година е ракоположен за Струмички епископ, по коешто следи се случува исклучителен духовен напредок во епархијата. Тогаш се возобновува, а потоа и континуирано расте култот на славните Петнаесет Тивериополски маченици, за кои и самиот Кавасила напишал два молебни канона,

---

нарекувајќи го „блажен", „преблажен", „преподобен", „преславен", „ангел, кој се јавил на земјата", „Божји човек", „чудотворец", „мироточив", „горешт застапник".

[68] Тој бил архиепископ за време на императорот Теодор Ласкарис II (1255-1259) и на почетокот од царувањето на императорот Михаил Палеолог (1260-1282). И. Снѣгаровъ, *Исӣорија на Охридскаӣа Архиеӣискоӣија, Том 1*, 211.

[69] *Свеӣи Консӣанӣин Кавасила, Архиеӣискоӣ Охридски, жиӣие, боӣослужба и акаӣисӣ* (подготвил Виктор Недески), Охрид 2015, 15-16.

кои се, впрочем, неговите први химнографски творби[70]. Забележана е активна преписка со тогашниот охридски архиепископ, Димитриј Хоматијан, кој станува негов духовен раководител и од кого добива значајни пофалби за успешното раководење со епархијата. Веројатно затоа и наскоро бил унапреден со митрополитско достоинство во градот Драч[71]. Таму останува сè до изборот за Охридски архиепископ, нешто пред 1250 година[72]. На охридската катедра доаѓа со добри сознанија за приликите во Архиепископијата, имајќи предвид дека повеќе години поминал во служба како епископ и митрополит во две нејзини епархии. Сега, пак, целосно се посветува на Охридската црква, па како продолжител на делото на охридските просветители составил еден молебен канон посветен на свети Климент Охридски (се наоѓа во службата ба светителот на 27 јули) и два во чест на свети Наум Охридски, сите во акростих[73].

Со четвртата крстоносна војна и падот на Цариград под власта на Латините, на териториите кои биле под јуриздикција на Охридската Архиепископија се создале нови држави. Токму затоа и позицијата на Охридската Архиепископија станала мошне специфична, имајќи предвид дека најголем дел од борбите за превласт помеѓу Никејското царство и Епирскиот деспотат, како и завојувањата на Српските владетели и Бугарската држава, се одвивале токму на територии кои влегувале во состав на нејзината јуриздикција. Познато е дека Охрид уште од времето на Хоматијан имал блиски врски со Епирскиот двор. Веројатно од тие причини никејскиот император Теодор Ласкарис, почнал да гледа со недоверба кон архиепископот Кавасила, сомневајќи се дека тој е соучесник и поддржувач на неговиот противник, епирскиот деспот Михаил II, па затоа во 1257 година тој ќе биде обвинет за соработка

---

[70] Илија Велев, Низ *преминот на традицијата, Книжевно-историски погледи*, Скопје, 2006, 20.

[71] Драч бил погранична област и значајно пристаниште, па затоа било природно да има луѓе од различни вероисповеди и народности (значително било присуството на Латините и Ерменците), коешто, пак, барало посебна внимателност и посветеност во пастирската работа.

[72] Не е познато дали Кавасила директно го наследил Сергеј, кој доаѓа за охридски архиепископ во 1241 година. Гледиштето дека тој е директен наследник на Хоматијан се чини неосновано. Сп. Сп. Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ, книга прва*, 149.

[73] И. Снѣгаровъ, *Историја на Охридската Архиепископија, Том 1*, 281-282. Илија Велев, Низ *преминот на традицијата, Книжевно-историски погледи*, 16 и 26.

со Деспотатот, заробен и заточен во Никејскиот затвор.[74] После походот на севастократорот Јован Палеолог, тој го вратил архиепископот Кавасила на Охридскиот трон. Во тој период се случуваат преговорите за надминување на состојбите меѓу црковниот Цариград и Рим, а императорот Михаил VIII од него очекувал поддршката за склучување на Лионската унија со Латините[75]. За Кавасила, пак, бил неприфатлив секој обид за обединување со западното христијанство без претходно решавање на клучните догматски прашања, посебно учењето за Филиокве[76]. Не дочекувајќи ја неуспешната разрешница околу склучувањето на евентуална Лионска унија во 1274 година, Кавасила се упокоил во Охрид на 18 октомври и веројатно бил погребан во архиепископската гробница во Света Софија, која подоцна била уништена од Османлиите[77]. Неговото прославување започнало непосредно по неговото упокојување. Сведоштво за тоа е и наскоро по неговото упокојување насликаната фреска во црквата Пресвета Богородица – Перивлепта во Охрид, и тоа веднаш до свети Климент. Неговите фрески се наоѓаат и во олтарите на свети Јован Богослов во Канео и во храмот „Мали свети врачи“ во Охрид, а потоа и во Старо Нагоричане[78], а култот се проширил дури и до Света Гора, каде што во параклисот посветен на Претечата Господов во Протатонот на Кареја е насликан заедно со свети Еразмо, свети Климент и Теофилакт – великите охридски архипастири[79].

---

[74] *Свети Константин Кавасила, Архиепископ Охридски,* 51-52. Страдањата и тешката положба на Константин Кавасила во Никејскиот затвор се опишани во необјавената Дохијарска богослужба нему посветена, а напишана од еден негов посветен ученик.

[75] *Свети Константин Кавасила, Архиепископ Охридски,* 56.

[76] Дури и иконографската програма во повеќе храмови градени во негово време содржи композиции, кои го потврдуваат неговиот став против обединувањето. Карактеристичен пример за тоа е специфичната претставата на Света Троица во есонартексот на храмот „Панагија Кумбелидики“ во Костур, која може да се протолкува токму како борба против западното учење за происходот на Светиот Дух. На неа Отецот е претставен како единствена причина и начело на Светата Троица од кого се раѓа Синот и исходи Духот. Види: *Свети Константин Кавасила, Архиепископ Охридски,* 57.

[77] *Свети Константин Кавасила, Архиепископ Охридски,* 61-62.

[78] Цветан Грозданов, „О Св. Константину Кавасили и његовим портретима у светлу нових сазнања“, *Зборник радова Византолошког института* XLIV ( 2007) 313.

[79] *Свети Константин Кавасила, Архиепископ Охридски,* 69-70.

Впрочем, токму оваа фреска јасно укажува на континуитетот на значајните црковни личности од Охрид - од почетокот на христијанството, преку сесловенското просветителско дело, па сè до исклучителните личности на архиепископите, кои остануваат светол пример и за сегашните и за идните црковни пастири, како треба да ѝ се служи на Светата Црква, на својата вера, на својот народ, зашто таков е добриот „пастир, кој за своите овци ја полага душата своја“ (Јован 10, 11). И тоа е уште една потврда дека Охрид е светилиште не само што е град на цркви и свети градби, но затоа што и свети луѓе се вградени Црквата од Охрид, учители и просветители, говорници и писатели, душегрижници и служители на народот. Токму затоа може да си дозволи да биде спореден со најпочитуваниот и најсветиот град во светот и со право да се нарече „словенски Ерусалим“.